**Упатство за употреба на лекот:**
**Информации за пациентот**

# FARINGOFEN 8,75 mg таблети за шмукање
flurbiprofen

**Прочитајте го внимателно целото упатство пред употреба на овој лек бидејќи содржи важни информации за Вас.**
Секогаш користете го лекот точно како што е опишано во ова упатство или како што ви кажал Вашиот доктор или фармацевтот.
- Чувајте го ова упатство. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Прашајте го Вашиот фармацевт ако ви требаат повеќе информации или совети.
- Ако се појават некакви несакани дејства, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт. Тука се вклучени какви било несакани дејства што не се наведени во ова упатство. Видете во дел 4.
- Консултирајте се со Вашиот доктор ако не почувствувате подобрување или ако забележите влошување на симптомите после краток период од третманот.

**Што содржи ова упатство**


1. Што претставува FARINGOFEN и за што се користи
2. Што треба да знаете пред да земете FARINGOFEN
3. Како да земате FARINGOFEN
4. Можни несакани дејства
5. Како да го чувате FARINGOFEN
6. Содржина на пакувањето и други информации


**Што содржи FARINGOFEN**
- Активната супстанција е флурбипрофен 8,75 mg;
- Други ексципиенси се: манитол, магнезиум стеарат, безводен силициум диоксид колоиден натриум цикламат, повидон, вкус на мед (супстанција/и за вкус), малтодекстрин од компир), арома на лимон (супстанција/и за вкус), супстанција со природен вкус, пченкарен малтодекстрин, арапска гума, шеќер и бутилиран хидроксианизол (БХА)), вкус на пепермint (препарат(и) за вкус, пченкарен малтодекстрин, модифициран восочен пченкарен скроб)

**Носител на одобрение за ставање на лекот во промет:**
Европа Лек Фарма ДООЕЛ Ул. Јадранска Магистрала бр.31, 1000 Скопје Р. Северна Македонија.

**Производител:**
Fortex Nutraceutical Ltd. 10, Prohladen kat str., 1362 Софија, Бугарија

## 1. Што претставува FARINGOFEN и за што се користи

**FARINGOFEN:**
- содржи флурбипрофен. Спаѓа во групата на нестероидни антиинфламаторни лекови (НСАИЛ) кои го намалуваат воспалението и ја ублажуваат болката;
- обезбедува олеснување на симптомите карактеристични за црвено и болно грло;
- обезбедува мерлив и смирувачки ефект на заштита во втората минута. Половина час по земањето на таблетата доаѓа до ослободување од болка и намалување на иритацијата во грлото. Ефектот трае до 4 часа по земање на пастилата.

Мора да разговарате со доктор ако не се чувствувате подобро или ако се чувствувате полошо по 3 дена.

## 2. Што треба да знаете пред да земете FARINGOFEN

- Ако сте алергични на флурбипрофен или на која било друга состојка на овој лек (наведени во дел 6)
- Ако сте алергични на ацетилсалицилна киселина (пр. аспирин) или на други нестероидни антиинфламаторни лекови (НСАИЛ)
- Ако имате висока сензитивност на респираторниот систем (астма, бронхоспазам)
- Ако сте алергични и страдате од чешање (уртикарија)
- Ако страдате од лезии на слузницата на желудникот (пептичен улкус) или ако сте страдале од оваа болест во минатото во текот на третиот триместар од бременоста и ако доите (видете дел Бременост и доење).
- Кај деца и адолесценти под 12 годишна возраст.

**Предупредувања и мерки на претпазливост**

Секое голтање на таблетите за шмукање, во препорачаните дози, не предизвикува никаква штета на пациентот, бидејќи овие дози се далеку пониски од оние кои вообичаено се користат во третмани со системски флурбипрофен.

Употребата, особено ако е продолжена, на лекови за локална употреба може да предизвика појава на алергиски феномени. Во овој случај, запрете го третманот и консултирајте се со Вашиот доктор.

Внимателно користете FARINGOFEN таблети за шмукање:
• ако страдате од намалена бубрежна функција (бубрежна инсуфициенција) или намалена функција на срцето (срцева слабост) или намалена функција на црниот дроб (црнодробна инсуфициенција).

Запомнете:
· дека овој лек не треба да се користи за долготраен третман
· да се консултирате со Вашиот доктор по краток период на лекување доколку не забележите подобрувања

**Деца и адолесценти**
Не користете FARINGOFEN таблети за шмукање кај деца и адолесценти под 12-годишна возраст.

**Други лекови и FARINGOFEN таблети за шмукање**
Ве молиме кажете му на Вашиот доктор или фармацевт ако земате, неодамна сте земале или можеби земате други лекови.

Не користете FARINGOFEN таблети за шмукање со:
• други лекови кои припаѓаат во групата на нестероидни антиинфламаторни лекови (НСАИЛ).

Флурбипрофен повремено може да влијае на дејството на:
· фуросемид, диуретик
· лекови за разредување на крвта (антикоагуланси)

Од друга страна, не е докажана интеракција на флурбипрофен со следниве лекови:
• кој се користи за регулирање на срцевиот ритам (дигоксин)
• кој се користи кај дијабетес (толбутамид)
• кои се користат за намалување на киселоста на желудникот (антациди)

**Бременост и доење**
Ако сте бремена, мислите дека можеби сте бремена или планирате бременост, или доите, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да го земете овој лек.

Бременост
Користете FARINGOFEN таблети за шмукање само доколку е јасно потребно и под директен медицински надзор за време на првиот и вториот триместар од бременоста.
Не користете FARINGOFEN таблети за шмукање во текот на третиот триместар од бременоста.
Употребата на лекот за време на бременоста може да го одложи почетокот на породувањето и да го зголеми неговото времетраење.

Доење
Не користете FARINGOFEN таблети за шмукање ако доите.

**Возење и ракување со машини**

FARINGOFEN таблетите за шмукање не влијаат на способноста за возење или ракување со машини.

**FARINGOFEN содржи:**
- **натриум.** Овој лек содржи помалку од 1 mmol натриум (23 mg) по таблета за шмукање, односно, практично не содржи натриум.

## 3. Како да земате FARINGOFEN

Секогаш употребувајте го овој лек точно како што е опишано во ова упатство или како што ви кажал Вашиот доктор или фармацевт. Доколку се сомневате, консултирајте се со Вашиот доктор или фармацевт.

Препорачаната доза за возрасни и деца над 12 години е:
една таблета за шмукање, полека да се раствора во устата, на секои 3 - 6 часа, по потреба, до максимум 5 таблети дневно.
Не ги надминувајте наведените дози.

**Ако користите повеќе FARINGOFEN таблети за шмукање отколку што треба**
Веднаш известете го Вашиот доктор или одете во најблиската болница во случај на случајно внесување на доза поголема од препорачаната дневна доза на овој лек.

Симптомите кои може да се појават во случај на предозирање со лекот се:
· гадење
· повраќање
· гастроинтестинална иритација

Во случај на предозирање, треба да се применат соодветни третмани; индицирана е гастрична лаважа и доколку е потребно, корекција на стекнатите загуби на течности и електролити.

Прашајте го Вашиот доктор или фармацевт ако имате какви било прашања за употребата на FARINGOFEN таблетите за шмукање.

## 4. Можни несакани дејства

Како и сите лекови, така и овој лек може да предизвика несакани дејства, иако секој не ги добива. Употреба на FARINGOFEN таблети за шмукање за подолг временски период може да предизвика алергиски реакции или локална иритација. Во овој случај прекинете го третманот и консултирајте се со Вашиот доктор за да земете посоодветна терапија.

**Нарушувања на крвта**
• Абнормални вредности на некои крвни тестови (тромбоцитопенија, апластична анемија, агранулоцитоза)

**Нарушувања на имунолошкиот систем**
• Алергиски реакции, вклучително и тешки (анафилакса, отекување на лицето, усните и/или јазикот)

**Нарушувања на нервниот систем**
• Вртоглавица
• Оштетување на мозокот (мозочен удар)
• Визуелни нарушувања
• Воспаление на оптичкиот нерв (оптички невритис)
• Главоболка (мигрена)
• Нарушувања на чувствителноста на екстремитетите и другите делови од телото (парестезија)
• Депресија
• Конфузија
• Халуцинација
• Вртоглавица
• Чувство на непријатност
• Замор и поспаност

**Нарушувања на увото**
• Ѕвонење во ушите (тинитус)

**Нарушувања на дишењето**
• Стеснување на дишните патишта (бронхоспазам)
• Воспаление на респираторниот тракт (астма)
• Напорно дишење (отежнато дишење)

**Гастроинтестинални нарушувања**
Најчесто се забележани следниве:
• Гадење
• Повраќање
• Дијареа
• Создавање на гас (надуеност)
• Недостаток на движења на дебелото црево (запек)
• Дигестивни тешкотии (диспепсија)
• Болка во стомакот или желудникот (абдоминална болка)
• Присуство на крв во столицата (црна столица)
• Присуство на крв во повратената маса (хематемеза)
• Присуство на чирови во устата (улцеративен стоматитис)
• Внатрешно крварење од дигестивниот тракт (гастроинтестинално крварење)

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ

• Влошување на воспалителни болести на цревата (колитис, Кронова болест)

Поретко е забележано следново:
• Воспаление на желудникот (гастритис)
• Внатрешни лезии на желудникот (пептичен улкус)
• Перфорација и крварење (од чир)

**Нарушувања на кожата**
• Ерупции
• Чешање
• Уртикарија
• Темно црвени дамки со различни големини (пурпура)
• Многу ретко сериозни кожни болести како Стивенс-Џонсон синдром (осип и плускавци, рани на устата и очите), Лајел-ов синдром (ронлива, болна, црвена кожа) и еритема мултиформе (лезии на кожата)

**Нарушувања на бубрезите и уринарниот тракт**
• Проблеми со бубрезите во различни форми, вклучително и воспаление на бубрезите (интерстицијален нефритис)
• Нарушена бубрежна функција (нефротски синдром)
Како и со другите НСАИЛ, пријавени се ретки случаи на намалена бубрежна функција (ренална инсуфициенција).

**Пријавување несакани дејства**
Ако се појават некакви несакани дејства, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт. Тука се вклучени какви било несакани дејства што не се наведени во ова упатство. Несаканите дејства можете да ги пријавите и директно преку Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/. Со пријавување на несакани дејства можете да помогнете да се обезбедат повеќе информации за безбедноста на овој лек.

## 5. Како да го чувате FARINGOFEN

Чувајте го леков надвор од вид и дофат на деца.

Не користете го лекот по истекот на рокот наведен на блистерот и на картонското пакување. Рокот на траење се однесува на последниот ден од тој месец.

Не користете го овој лек доколку забележите видливи знаци на оштетување.

Не фрлајте никакви лекови во отпадна вода или домашен отпад. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги фрлите лековите што повеќе не ги користите. Овие мерки ќе помогнат во заштитата на околината.

## 6. Содржина на пакувањето и други нформации

**Како изгледа FARINGOFEN и содржина на пакувањето**
Блистер од бела, непрозирна PVC/PVDC/ALU фолија со 10 таблети за шмукање. Секоја кутија содржи 20 таблети за шмукање (2 блистери) и упатство за пациентот.

**Начин на издавање на лекот:**
Лекот се издава во аптека без рецепт (БР).

**Датум на последна ревизија на упатството**

Јуни, 2025 година

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**

11-14299/1 од 10.12.2024